2016

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Пријавување, утврдување и плаќање на годишен данок на доход за 2015 година

| | |
|---|---|
| Подготвува и издава: | Управа за јавни приходи<br>Република Македонија<br>бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,<br>1000 Скопје<br>www.ujp.gov.mk<br>info@ujp.gov.mk |
| Дата на издавање: | 20.01.2016 година |
| Уредници: | Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација<br>Севдие Исмаили и Елена Тафчиевска - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци |
| Дизајн и припрема: | Драгица Николоска - Канцеларија за односи со јавност и комуникација |
| Тираж: | 3000 |
| Наслов: | Годишна даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход |

ISBN: 978-608-4592-63-1
Бр: 10-386/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/2

**2016 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД.....2

ВИДОВИ ПРИХОДИ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ СО ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД.....3

ЗОШТО да поднесете Годишна даночна пријава?.....6

КОЈ треба да поднесе Годишна даночна пријава?.....6

КОГА да поднесете Годишна даночна пријава?.....7

КАДЕ да ја поднесете Годишната даночна пријава?.....7

КАКО да ја пополните Годишната даночна пријава?.....8

КАЗНИ за ненавремено и неподнесување на даночната пријава.....16

ПЛАЌАЊЕ на годишен данок на доход.....17

НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА.....18

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ве упати како и кога да ги пријавите приходите во Годишната даночна пријава (образец "ПДД-ГДП") кои како граѓанин (физичко лице - резидент на РМ) сте ги оствариле во текот на 2015 година.

Приходите кои како граѓанин ги остварувате, во земјата и во странство, се оданочуваат со персонален данок на доход (ПДД). Даночната стапка по која се пресметува персоналниот данок е 10%.

Одделните приходи кои сте ги оствариле во текот на календарската година, како даночен обврзник на персоналниот данок имате обврска да ги пријавите во Управата за јавни приходи (УЈП), со поднесување на аконтативна даночна пријава во законски предвидените рокови кои важеле во 2015 година, но и со поднесување на Годишна даночна пријава до 15 март 2016 година.

Доколку како граѓанин, во текот на 2015 година, сте оствариле приходи по повеќе основи, односно покрај вашата плата или пензија, на пример, сте оствариле и приходи од издавање под закуп на станбен објект (кирија) или сте оствариле хонорар по основ на авторски договор, понатаму сте учествувале во наградна игра и сте оствариле добивка над 5000 денари и сл., имате обврска сите ваши годишни приходи да ги пријавите во УЈП со поднесување на Годишна даночна пријава.

Управата за јавни приходи пред истекот на годината за која треба да поднесете Годишна даночна пријава, а најдоцна до 31 декември 2015 година, преку ЈАВНА ПОКАНА во јавните гласила и веб страницата http://ujp.gov.mk/mk/otvoreni_povici ќе ве извести за обврската да ги пријавите остварените приходи во УЈП.

Сите даночни пријави (обрасци) на кои се пријавуваат приходите кои ги остварувате како граѓани, се бесплатни и може да се преземат преку веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/e/obrasci/pregled/filter/4/0

## ВИДОВИ ПРИХОДИ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ СО ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Приходите кои ги остварувате, во земјата и странство, а кои подлежат на оданочување и треба да се пријават во УЈП се следните:

### Лични примања

За лични примања се сметаат сите приходи што сте ги оствариле по основ на плати и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност, надоместоци на трошоци од работен однос и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, пензии, примања од членување на органите на управување и на органите на надзор на трговските друштва, примања доколку сте функционер, пратеник, советник или носител на јавна функција, или професионален спортист (премии, трансфери и сл.), секој поединечно остварен приход врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица.
Приходите може да бидат исплатени во пари, бонови, парични потврди, акции, стоки или во некој друг облик кој има парична вредност.
Вашиот работодавач (исплатувач на приходот) е должен да го пресмета и уплати персоналниот данок на доход и при секоја исплата на приход да ви издаде примерок од пресметката за платениот персонален данок и придонеси, како и збирен податок за вкупно платениот данок (аконтација) во текот на 2015 година најдоцна до 25 јануари 2016 година.
Доколку освен плата, односно пензија, во 2015 година сте оствариле и приходи по други основи, должни сте да поднесете и Годишна даночна пријава.

### Приходи од самостојна дејност

Приходи од самостојна дејност се приходите остварени од вршење на стопанска дејност, од давање на професионални и други интелектуални услуги, приходите од земјоделска дејност и од други дејности чија трајна цел е остварување на приходи. Како вршител на самостојна дејност должни сте најдоцна до 15 март 2016 година до Управата за јавни приходи и Централниот регистар да ги доставите обрасците "Б" и "ПДД-ДБ".

Доколку како вршител на самостојна дејност во 2015 година покрај приходи од самостојна дејност сте оствариле и приходи по други основи, должни сте да поднесете и Годишна даночна пријава.

## Приходи од имот и имотни права

Доколку во 2015 година сте оствариле приходи од имот и имотни права, односно издавате под закуп (кирија) или подзакуп земјиште, станбени или деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови имот, покрај обврската да поднесете аконтативна даночна пријава (образец “ПДД-АДП/ПИ“) во рок од 15 дена од денот на остварување на приходот, задолжително по истекот на годината треба да поднесете и Годишна даночна пријава.

## Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост

За исплатените приходи од авторски права (пр. имате склучен договор за авторско право со Авторска агенција) или приходи од права од индустриска сопственост (пр. склучите договор за користење на патентиран производ, договор за користење на трговска марка итн.), исплатувачот на приходот е должен во моментот на исплатата на приходот да го пресмета и уплати данокот на доход и да ви издаде примерок од пресметката за платениот персонален данок. За остварените приходи задолжително по истекот на годината, треба да поднесете и Годишна даночна пријава.

## Приходи од капитал

За остварените приходи од капитал во 2015 година, како дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката кај правни и физички лица, камати по кредити дадени на физички и правни лица и камати по обврзници или други хартии од вредност, исплатувачот на приходот треба да ви го пресмета данокот на доход за секој поединечно исплатен приход, а вие сте должни до 15 март 2016 година да поднесете Годишна даночна пријава.

## Приходи од капитални добивки

Приходите од капитални добивки (продажба од учество во капиталот и недвижен имот), покрај тоа што сте имале обврска да ги пријавите во УЈП во рок од 15 дена од денот на остварување на приходот, на образецот "ПДД-АДП/КД", за истите треба да поднесете и Годишна даночна пријава до 15 март 2016 година.

> Капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност не се оданочуваат од 1 јануари 2013 година до 31 декември 2018 година.

## Добивки од игри на среќа

Ако во 2015 година сте оствариле добивка од општите игри на среќа (ТВ квизови, наградни игри, лотарија и сл.) во износ поголем од 5.000 денари (во пари, хартии од вредност, во натура, наградни патувања или во некој друг вид), приредувачот на игри на среќа е должен при исплата на добивката да ви издаде примерок од пресметката на персоналниот данок.
Вие задолжително треба да поднесете Годишна даночна пријава.

## Други приходи

Ако од правно лице ви се исплатени „други приходи" кои не се набројани претходно, ниту се ослободени од обврска за оданочување, исплатувачот на приходот треба да ви го пресмета данокот на доход за секој поединечно исплатен приход, а вие сте должни до 15 март 2016 година да поднесете Годишна даночна пријава.
Во случај да остварувате „други приходи" (приходи остварени со стекнување на хартии од вредност и учество во капиталот без надоместок) истите треба да ги пријавите во УЈП на образец "ПДД-АДП/ДП" во рок од 15 дена од денот на остварување на приходот, но и да поднесете Годишна даночна пријава по истекот на календарската година.

## ЗОШТО

Како граѓанин на Република Македонија вие сте обврзник на персоналниот данок на доход и сите приходи кои ги остварувате во текот на една календарска година треба да ги пријавите во Управата за јавни приходи.
Приходите кои сте ги оствариле во текот на 2015 година, покрај тоа што сте имале обврска одделно да ги пријавите и за истите да платите персонален данок во текот на годината, во рамките на законските рокови, должни сте и збирно да ги пријавите во Годишната даночна пријава, најдоцна до 15 март 2016 година.

## КОЈ

**Задолжително поднесете** Годишна даночна пријава, доколку во текот на 2015 година:

- сте издавале под закуп (кирија) или подзакуп: станбен или деловен простор, гаража, земјиште, викендица, опрема, превозни средства или друг вид на имот;
- сте склучиле авторски договор, односно сте оствариле приход од авторски права и права од индустриска сопственост;
- ви била исплатена дивиденда или камати по основ на заем кој сте го дале на физичко или правно лице;
- сте оствариле капитална добивка од продажба на учество во капитал и недвижен имот;
- сте оствариле добивка од општите игри на среќа во износ поголем од 5.000 денари (од лото, од наградни игри...);
- имате лични примања од странство;
- работно сте ангажирани во амбасада, мисија на меѓународна организација во РМ, односно имате лични примања од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави во РМ или пак остварувате лични примања кај претставници и службеници на претставништвата кои уживаат дипломатски имунитет; и
- сте оствариле и „други приходи".

**Не сте должни да поднесете** Годишна даночна пријава, доколку во текот на годината имате остварено само приход од: плата; пензија; земјоделска дејност и самостојна дејност. Добивките од посебните игри на среќа остварени во текот на 2015 година, немате обврска да ги пријавите во Годишната даночна пријава.

## КОГА

Годишна даночна пријава




*Се можете да заборавите, ама данок не!*

Не заборавајте и не го чекајте последниот момент за да ја исполните вашата граѓанска должност.
Како граѓанин и даночен обврзник на персоналниот данок на доход, најважниот датум за вас е 15 март – последниот ден за пријавување на приходите и поднесување на Годишната даночна пријава.
Годишната даночна пријава можете да ја поднесете почнувајќи од 1 јануари, но не подоцна од 15 март 2016 година.

## КАДЕ

Годишна даночна пријава

Годишната даночна пријава (образец "ПДД-ГДП") е бесплатна и можете да ја преземете преку интернет, од веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/21 или да ја побарате во даночните канцеларии на УЈП.
Годишната даночна пријава, пополнета во 2 (два) примерока, поднесете ја во надлежната даночната канцеларија на УЈП, според вашето место на живеење или преку е-даноци http://etax.ujp.gov.mk
Граѓанинот кој е од друг град, но работи, живее, студира..., односно е со привремен престој во Скопје, даночната пријава може да ја поднесе во Контакт центарот Скопје (ГТЦ 2-ри кат, над Кино Милениум) без разлика на местото на живеење.

Исто така, имате можност пријавата да ја поднесете по пошта (во 1 примерок) на адресата на надлежната Регионална дирекција на УЈП.
За да видите каде се лоцирани нашите даночни канцеларии низ Републиката, односно кои се адресните податоци на Регионалните дирекции на УЈП посетете ја нашата веб страница http://www.ujp.gov.mk/mk/kontakt/makedonija

- √ Годишната даночна пријава пополнете ја на начин опишан во упатството кое е составен дел на пријавата (стр.2 од образец "ПДД-ГДП").
- √ При пополнување на Годишната даночна пријава, користете ги податоците од потврдите, пресметките и другите документи кои задолжително треба да ви ги достави исплатувачот на приходите, а во кои се наведени износите на приходите и персоналниот данок кои ви биле платени во текот на 2015 година. Збирната пресметка за исплатените приходи и уплатениот персонален данок и придонеси за 2015 година, исплатувачот на приходи треба да ви ја издаде најдоцна до 25 јануари 2016 година.

Доколку до 25.01.2016 година, исплатувачот на приходи не ви издал збирна пресметка со која потврдува дека ви биле исплатени приходите и дека за истите е платен персоналниот данок, пријавете на бесплатната телефонска линија 198 или преку интернет
http://www.ujp.gov.mk/mk/kontakt/category/592

- √ За пријавување на приходите од имот и од имотни права, капитални добивки и други приходи на кои аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка користете ги податоците од привремените решенија кои ви биле доставени од УЈП.

**Напомена**: Приходите кои сте ги оствариле по основ на надоместок од договори за дело, авторски договори и други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, за кои постоеше обврска за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување (ППИО) и придонес за здравствено осигурување (ПЗО) согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, се искажуваат во Годишната даночна пријава соодветно, во зависност од видот на исплатата, на следните полиња:

- 4 - Примања на членови на органите за управување и на органите на надзор во трговските друштва,
- 5 - Примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции
- 6 - Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва,

- 7 - Надоместоци на членови на Македонска академија на науките и уметностите,
- 8 - Примања по договор за повремено или привремено вршење на услуги и
- 10 - Авторски права и права од индустриска сопственост.

Доколку надоместокот по некој од наведените основи, Ви бил исплатен од страна на исплатувач кај кој сте во работен однос или од нему поврзано правно лице, кој бил обврзник за пресметка и уплата на придонесите, во колоната „Бруто износ на приход„ од Годишната даночна пријава го внесувате збирот од исплатениот нето приход, платените придонеси и персоналниот данок на доход, додека пак во колоната „Вкупен износ на платени аконтации„ го внесувате износот на платениот персонален данок.

За надоместоците исплатени од исплатувач кај кој не сте биле во работен однос или пак сте оствариле приходи со вршење на услуги во странство и сте имале обврска сами да ги платите придонесите, во колоната „Бруто износ на приход„ од Годишната даночна пријава го внесувате збирот од исплатениот нето приход и персоналниот данок, додека пак во колоната „Вкупен износ на платени аконтации„ го внесувате платениот персонален данок или доколку данокот не е платен внесете состојба “0” (нула).

Подолу во текстот е објаснувањето, како треба да го пополните секое од полињата, односно колоните, во Годишната даночна пријава:

- Задолжително внесете ги податоците за: Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), име и презиме и адреса на живеење за контакт (улица, број, поштенски број, населено место) на која УЈП ќе ви доставува писма, известувања и решенија, како и е-пошта и телефон за контакт.
- **Даночен период** - се внесува периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015
- **Рок за поднесување** - се внесува крајниот рок за поднесување на пријавата 15.03.2016
- **Исправка на "ПДД-ГДП"** - се внесува знакот "X" при поднесување на нова исправна даночна пријава за тој даночен период.

1) **Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот** - Ова поле се пополнува само доколку како граѓанин покрај платата во текот на годината имате остварено приходи и по други основи!

Внесете го *бруто износот* на платата, надоместоците на плата од работен однос и исплатата по основ на деловна успешност на работодавачот, а кои ви биле исплатени во пари или во некој друг облик.
Како *вкупен износ на одбитоци* го внесувате износот на вкупно платените придонеси за задолжително социјално осигурување, додека во *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 годината.
**Полињата под реден број 1-а, 1-б, 1-в и 1-г** ги пополнува само граѓанин:
- вработен во Заштитно друштво;
- инвалидно лице вработено кај работодавач, кој не е Заштитно друштво;
- вработен во ТИРЗ;
- лице кое е ослободено од персонален данок на доход, согласно член 98 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Внесете го *бруто износот* на платата, надоместоците на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот кои ви биле исплатени во пари или во некој друг облик и **пресметаниот** персонален данок на доход. Во *вкупен износ на одбитоци* го внесувате износот на вкупно платените придонеси за задолжително социјално осигурување, додека во *вкупен износ на платени аконтации* внесувате 0 (нула).

2) **Дополнителни примања и надоместоци на трошоци од работен однос на кои не се платени придонеси** - Доколку од работен однос сте оствариле дополнителни примања или ви биле исплатени определени надоместоци на трошоци, како на пример, надомест на трошоци за користење на сопствен автомобил во висина од 30% од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар, кој е исплатен над 3.500 денари по лице месечно и други надоместоци на трошоци од работен однос, исплатени над пропишаниот износ утврдени со закон, во тој случај го внесувате *бруто износот на примањата.* Во полето вкупен *износ на одбитоци* не пополнувате ништо, бидејќи за овој вид на приходи не постои обврска за плаќање придонеси, а во *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

3) **Пензии** - Ова поле се пополнува само доколку како граѓанин покрај пензијата во текот на годината имате остварено приходи и по други основи!
За **пензии добиени од РМ,** податоците се пополнуваат врз основа на потврдата која треба да ви биде дадена од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ. Внесете го *бруто износот на пензијата* (нето пензија и

пресметаниот данок кој е евидентиран како платен), а како *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот данок во текот на годината. Доколку сте примател на **пензија од странски држави**, на идентичен начин треба да го пријавите приходот, со таа разлика што заради избегнување на двојното оданочување и остварување на правото на намалување на платениот данок во другата држава согласно законот, граѓанинот при поднесување на Годишната даночна пријава треба да достави и копија од документот за платениот данок во другата држава.

4) **Примања на членови на органите на управување и на органите на надзор на трговските друштва** - Внесете го *бруто износот на примањето* кое сте го оствариле како **член** на управен или надзорен одбор кај правно лице, а во *вкупен износ на платени аконтации* внесете го износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

5) **Примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции** - Внесете го *бруто износот на приходот* кој ви бил исплатен по основ на членување во разни комисии, работни групи и тела каде членувате или сте избран како носител на јавна функција. Во *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година. Во ова поле не се внесуваат приходите кои носителот на јавна функција ги остварува како плата, надоместоци на плата од работен однос и исплати по основ на деловна успешност на работодавачот, кои се искажуваат во поле под реден број 1 (плата и надоместоци).

6) **Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои не се вработени кај исплатувачот** - Внесете го *бруто износот на примањето* извршено од страна на исплатувачот на кое е пресметан и задржан персонален данок на доход. Во *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

7) **Надоместоци на членови на Македонската академија на науките и уметностите** - Доколку сте член на МАНУ, врз основа на пресметката за исплатени приходи од научната установа, внесете го *бруто износот на надоместокот* што сте го оствариле. Во *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

8) **Примања врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги** - Ако сте оствариле приходи врз основа на договор за повремено

или привремено вршење на услуги во ова поле треба да го пријавите *бруто износот на примањето*, а во *вкупен износ на платени аконтации* внесете го износот на платениот персонален данок во 2015 годината.

9) **Имот и имотни права (закупнини)** - Внесете го *бруто износот на приходите* остварени од издавање под закуп или подзакуп на земјиште, станбени и деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови на имот. Во *вкупен износ на одбитоци* го внесувате износот на трошоците пресметани во висина од 25%, а кога станува збор за закупнина од опремени станбени и деловни простории во висина од 30% од бруто закупнината, а доколку документирано докажете дека сте направиле поголеми трошоци од нормираните, ќе се признаат стварните трошоци. Како *вкупен износ на платени аконтации* внесете го платениот персонален данок во текот на 2015 година.

10) **Авторски права и права од индустриска сопственост** - Во колоната за *бруто износот на приходите* внесете ги годишните примања кои сте ги оствариле од авторско право или од индустриска сопственост: вајарски дела, тапisерии, керамопластика, уметничка керамика и витраж, за уметничка фотографија, ѕидно сликарство и сликарство во простор во техниките: фреска, графика, мозаик, интарзија, емајл, интарзирани и емајлирани предмети, костимографија, модно креаторство и уметничка обработка на текстил, сликарски дела, графички дела, индустриско обликување со изработување на модели и макети, ситна пластика, уметнички решенија за сценографија, научни, стручни и публицистички дела, преведување на дела од книжевноста, музички и кинематографски дела и реставраторски и конзерваторски дела во областа на културата и уметноста, изведување уметнички дела во областа на сериозната музика, балетот, операта и театарското и филмското актерство, за рецитирање, снимање филмови и идејни скици за таписерија и костимографија, преводи (освен преводи на книжевни дела), предавања и слични интелектуални творби, изведување на естрадни програми на забавна и народна музика и за други авторски дела и дела од индустриска сопственост. Во *вкупен износ на одбитоци* внесете го износот на трошоците пресметани во висина од 25% до 60% од бруто приходот или стварните трошоци што биле потребни за негово остварување, ако може документирано да ги докажете. Како *вкупен износ на платени аконтации* внесете го износот на платениот персонален данок кој сте го платиле во текот на 2015 година.

**11) Дивиденди и други приходи остварени со учеството во добивката кај правни и физички лица** - Се внесува *бруто износот на дивидендите и другите приходи* остварени врз оваа основа, а како *вкупен износ на платени аконтации* внесете го износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

**12) Камати за кои постои обврска за плаќање на данок**[1] - Внесете го *бруто износот на приходите* остварени од: каматите по заеми дадени на физички и правни лица, каматите по обврзници или други хартии од вредност, односно го внесувате само износот на пресметаната камата, а во полето *вкупен износ на платени аконтации* се пополнува износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

**13) Добивки од игри на среќа** - Внесете го *бруто износот на приходот* остварен од добивките од општите игри на среќа остварени во пари и предмети. Тука не влегуваат поединечните добивки кои не го надминуваат износот од 5.000 денари. Како *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

**14) Други приходи на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка** - Се пополнува *бруто износот на приходот* остварен за разни видови на помошти, за лекување, школување, учество на разни спортски, културни и други манифестации и слично, дадени во пари, во натура, во други хартии од вредност или во некој друг вид,како и *бруто износот на приходот* остварен од продажба на корисен цврст отпад. Како *вкупен износ на одбитоци* го внесувате износот на трошоците, пресметани во висина од 35% од бруто приходот. Како *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

**15) Други приходи на кои аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка** - Внесете ја пазарната вредност на денот на стекнување на хартиите од вредност, односно учеството во капиталот без надоместок, во колоната *бруто износ на приходот.* Како *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

**16) Нето приход остварен од вршење самостојна дејност** - Самостојните вршители на дејност имаат обврска да поднесат Годишна даночна пријава “ПДД-ГДП“, само доколку покрај приходи од вршење на самостојна дејност остваруваат и оданочиви приходи по други основи. Како *бруто износ на приход* го внесувате износот на нето приход утврден во полето 20 од Даночниот

1) Каматите на орочени штедни и други депозити кои сте ги оствариле во текот на 2015 година се ослободени од оданочување со персонален данок на доход.

билансот (образец “ПДД-ДБ“). Во *вкупен износ на одбитоци* го внесувате износот на извршените вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и нематеријални средства (компјутерски софтвери и патенти) за проширување на својата дејност. Како *вкупен износ на платени аконтации* пополнете го износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

17) **Вкупен приход остварен од земјоделска дејност според паушално утврден приход** - Во *бруто износ на приходот* внесете го износот на приходот кој сте го пополниле во точка 5 од образецот “ПДД-ПЗ“, а кој претходно сте го поднеле во УЈП. Како *вкупен износ на одбитоци* го впишувате износот на трошоците пресметани во висина од 80% од бруто приходот, во зависност од тоа дали земјоделската дејност ја обавувате како основно или дополнително занимање. Како *вкупен износ на платени аконтации* го внесувате износот на платениот персонален данок во текот на 2015 година.

18) **Капитални добивки** - Се пополнува *бруто износот* на капиталните добивки кои сте ги оствариле со продажба на учество во капитал или недвижен имот во текот на 2015 година. Износот на нормираните трошоци пресметани во висина од 30% од остварениот бруто приход внесете го како *вкупен износ на одбитоци,* а износот на персоналниот данок кој сте го платиле во текот на годината внесете го како *вкупен износ на платени аконтации.*

19) **Даночно ослободување врз основа на донации во висина од 20% од годишниот даночен долг, но не повеќе од 24.000 денари** - Во *вкупен износ на одбитоци* го внесувате износот на ослободувањето кое можете да го користите доколку како физичко лице сте донирале финансиски средства на правно лице во текот на 2015 година.

20) **Искористено даночно ослободување при аконтативното оданочување** - Го внесувате износот на искористеното лично ослободување за плата или пензија. Податокот се пополнува од издадената потврда од работодавачот и/или ФПИОМ. Износот на искористеното лично ослободување за 2015 година може да биде поголемо или помало од годишното лично ослободување во износ од 87.840 денари.

21) **Вкупно** - Од внесените износи во секоја од колоните (1), (2) и (3) правите збир за секоја колона. Од вкупните износи ќе можете да видите:

- колкави биле вашите годишни бруто приходи (колона 1);
- за колку се намалил вашиот приход по разни основи (колона 2); и
- колку данок сте платиле за 2015 година (колона 3).

# → Пример за пополнување на Годишна даночна пријава за 2015 година:

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА
## за утврдување на персонален данок на доход

**ПДД-ГДП**

*Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| ЕМБГ | 0505978450523 |
| Име и презиме и адреса на живеење за контакт | Петко Петковски<br>Бул. Јане Сандански 54/7<br>Скопје |
| Телефон | 070222222 |
| е-пошта | petkopetkovski@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |
| Даночен период од | 01.01.2015 |
| до | 31.12.2015 |
| Рок за поднесување | 15.03.2016 |
| Исправка на "ПДД-ГДП" | |

### ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

*"без дени"*

| Вид на остварен приход | | Бруто износ на приход | Вкупен износ на одбитоци | Вкупен износ на платени аконтации |
|---|---|---|---|---|
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот на кои се платени придонеси | 1 | 370188 | 99948 | 18240 |
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавач-кој не е заштитно друштво, на вработени инвалидни лица | 1-а | | | 0 |
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност кај заштитни друштва | 1-б | | | 0 |
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност кај корисници на технолошка индустриска развојна зона | 1-в | | | 0 |
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавач кој има ослободување по член 98 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност | 1-г | | | |
| Дополнителни примања и надоместоци на трошоци од работен однос на кои не се платени придонеси | 2 | 10000 | | 1000 |
| Пензии | 3 | | | |
| Примања на членови на органите на управување и на органите на надзор во трговските друштва | 4 | | | |
| Примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции | 5 | | | |
| Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва | 6 | | | |
| Надоместоци на членови на Македонска академија на науките и уметностите | 7 | | | |
| Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги | 8 | 60000 | | 4482 |
| Имот и имотни права (закупнини) | 9 | 60000 | 15000 | 4500 |
| Авторски права и права од индустриска сопственост | 10 | 100000 | 25000 | 7500 |
| Дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката кај правни и физички лица | 11 | 60000 | | 6000 |
| Камати за кои постои обврска за плаќање на данок | 12 | | | |
| Добивки од игри на среќа и други наградни игри | 13 | 12000 | | 1200 |
| Други приходи на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка | 14 | | | |
| Други приходи на кои аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка | 15 | | | |
| Нето-приход остварен од вршење на самостојна дејност | 16 | | | |
| Вкупен приход од земјоделска дејност според паушално утврден приход | 17 | | | |
| Капитални добивки | 18 | 120000 | 36000 | 8400 |
| Даночно ослободување по основ на донации во висина од 20% од годишниот даночен долг, но не повеќе од 24.000 денари | 19 | | | |
| Искористено даночно ослободување при аконтативно оданочување | 20 | | 87840 | |
| **ВКУПНО:** | 21 | 792188 | 263788 | 51322 |

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА

| | |
|---|---|
| Име и презиме и потпис | Петко Петковски |
| Датум на поднесување | 08.03.2016 |

### ЗАБЕЛЕШКА

## КАЗНИ

Доколку не поднесете даночна пријава до 15 март 2016 година или пак во Годишната даночна пријава нецелосно ги пријавите вашите приходи, ќе ви биде изречена глоба за сторен прекршок.

Глобата за ненавремено поднесување, односно неподнесување на даночна пријава и за нецелосно пријавени приходи се движи од 100 до 200 евра, во денарска противвредност.

# ПЛАЌАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ДОХОД

Во „Даночното решение за утврдување на годишен данок на доход“ кое ќе ви биде доставено на вашата адреса, ќе можете да видите колкав износ на приходи сте оствариле во 2015 година, колкав е износот на одбитоци (платени придонеси, признаени трошоци и други намалувања[2]), колкав е износот на даночното ослободување кое сте го користеле, колку данок сте платиле и најважно дали треба да доплатите персонален данок.

Врз основа на податоците пријавени од ваша страна во даночната пријава, користејќи службени податоци, како и податоци добиени од трети лица, УЈП ви го пресметува и утврдува годишниот персонален данок на доход.

Доколку имате данок за доплата, имате обврска во рок од 30 дена да го извршите плаќањето на данокот што го должите.


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГОДАВАЧ
НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
Петко Петковски
Бул.Јане Сандански бр.110/13
1000 Скопје
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
СМЕТКА
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
0 1 0 1 9 0 0 2 2 0 0 0 2
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
Број на даночно решение
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Данок на доход утврден со годишно
решение на Управата за јавни приходи
ПОТПИС
ПРИМАЧ
НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ
Министерство за финансии
Трезорска сметка
БАНКА НА ПРИМАЧОТ
Н.Б.Р.М.
СМЕТКА
1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5
ИЗНОС
МКД 6 0 0 , 0 0
УПЛАТНА СМЕТКА
8 4 0 1 4 1 9 3
СМЕТКА НА КОРИСНИК
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
7 1 1 1 2 7
НАЧИН
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА
образец ПП50

** Пример*

*Уплата на данок на доход за 2015 година*

2) Намалувања предвидени во Законот за персоналниот данок на доход.

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

1. **Јас сум ПЕНЗИОНЕР, а имам остварено и други приходи (дивиденда, приходи од кирија и др.). Дали имам обврска во Годишната даночна пријава да ја прикажам и пензијата, покрај другите приходи?**

   Во Годишната даночна пријава покрај остварените други приходи, имате обврска да го прикажете и износот на пензијата. Податоците за исплатите, односно пресметката на годишната бруто пензија, социјални придонеси и персонален данок, потребно е да ги обезбедите од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ФПИОМ).

2. **Остварувам приходи со работа преку ИНТЕРНЕТ. Дали треба во Годишната даночна пријава да ги пријавам овие приливи на пари?**

   За приходите остварени со работа преку интернет, имате обврска да поднесете Годишна даночна пријава.

3. **Користам ПОРОДИЛНО БОЛЕДУВАЊЕ, а имам и други приходи. Дали треба во Годишната даночна пријава да го прикажам и боледувањето, покрај другите приходи?**

   Во Годишната даночна пријава покрај остварените други приходи, имате обврска да го прикажете и износот на надоместокот на плата за породилно боледување. Податоците за исплатите, односно пресметката на годишното породилното боледување, социјални придонеси и персонален данок, потребно е да ги обезбедите од Фондот за здравствено осигурување на РМ.

4. **Остварувам РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ТРЕТО ДЕТЕ кој го исплатува Министерството за труд и социјална политика, а остварувам и други приходи. Дали надоместокот треба да го прикажам во Годишната даночна пријава?**

   Примениот надоместок за трето дете кој го исплатува Министерството за труд и социјална политика, немате обврска да го пријавите во Годишната даночна пријава, бидејќи за примањата по основа на помошти за социјална заштита не се плаќа персонален данок на доход.

**5. Дали треба да се пријави во Годишната даночна пријава НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА од сообраќајна несреќа исплатен од осигурителна компанија?**

Добиениот надоместок на штета од собраќајна несреќа исплатен од страна на осигурителна компанија не подлежи на оданочување со персоналниот данок на доход и истиот не треба да го пријавите во Годишната даночна пријава.

**6. Дали добивката од 12.000 денари од НАГРАДНА ИГРА треба да ја пријавам во Годишната даночна пријава?**

Секоја добивка остварена од општите игри на среќа во износ поголем од 5.000 денари, имате обврска да ја пријавите во Годишната даночна пријава.

**7. Дали исплатениот надоместокот за регрес за годишен одмор треба да го пријавам во Годишната даночна пријава?**

Граѓанинот кој во текот на годината остварува само приход од плата не е должен да поднесува Годишна даночна пријава. Доколку пак покрај приходот од плата сте оствариле и дополнителни примања од работен однос (на пример: регрес за годишен одмор), работодавачот има обврска да пресмета и плати персонален данок на доход, да ви издаде примерок од пресметката, а вие истиот имате обврска да го пријавите во Годишната даночна пријава.

**8. Во текот на 2015 година, издавав СТАН ПОД КИРИЈА. Приходите ги пријавив во УЈП, поднесов аконтативна даночна пријава и го платив персоналниот данок. Дали треба да поднесам Годишна даночна пријава и дали тоа значи дека УЈП повторно ќе ми пресмета данок?**

Како лице кое остварува приходи од кирија, и за остварениот приход сте поднеле аконтативна пријава “ПДД-АДП/ПИ“ и сте го платиле персоналниот данок на доход, имате обврска да ги пријавите и во Годишната даночна пријава. За веќе платениот данок по поднесената аконтативна даночна пријава, УЈП нема повторно да ви утврди обврска за плаќање на персоналниот данок. Не заборавајте, доколку покрај приходот од кирија сте оствариле и други приходи и тие имате обврска да ги прикажете во Годишната даночна пријава.

**9. Фирма во која не сум вработена, ми има платено АВИОНСКИ БИЛЕТ И СМЕСТУВАЊЕ ВО ХОТЕЛ, дали тоа ми се смета како приход и дали треба да поднесам Годишна даночна пријава?**

Средствата исплатени за авионски билети и сместувања во хотел за лица кои не се вработени во фирмата, подлежат на оданочување со персоналниот данок на доход, бидејќи истите се лично примање на физичкото лице. За исплатените приходи, фирмата има обврска да го пресмета и плати персоналниот данок на доход, да ви издаде примерок од пресметката, а вие како граѓанин имате обврска да ги пријавите во Годишната даночна пријава.

**10. Работам како ВОЛОНТЕР и дали исплатите на надоместоците за извршените волонтерски работи потребно е да се пријават во Годишната даночна пријава?**

Надоместоците на волонтерите исплатени најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, согласно Законот за волонтерство, не подлежат на оданочување со персоналниот данок на доход, и истите немате обврска да ги пријавите во Годишната даночна пријава.

**Контакт центар**
Кеј 13-ти Ноември (Градски трговски центар
2-ри кат) локал 500, 1000 Скопје
тел. 0800 33 000

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Димитар Илиевски – Мурато" бр.24-а,
7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Кавадарци**
ул. „Вељко Влаховиќ" бр.7, 1430 Кавадарци
тел. 043/411 752; факс 043/411 751

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

Инфо центар 0800 33 000

Пријави неправилности 198

https://etax-fl.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-63-1